**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ИНТЕР–РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

1. Во Решението за именување на членови на интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/17 и 60/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 177/19 и 108/21), во точка 1 во алинејата 1 зборовите „Даниела Хаџи Димова Јованова“ се заменуваат со зборовите „Јасмина Иванова“.

Во алинејата 10 зборовите „Есма Адидовиќ Фазлиќ“ се заменуваат со зборовите „Орхидеја Ѓорговска“.

Алинејата 22 се менува и гласи:

„-Експерти за родова еднаквост
Неда Малеска Сачмароска-член и
Мирјана Најчевска-член“.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6571/1
20 септември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**2927.**

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 септември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/22, 81/22, 88/22, 97/22, 171/22 и 192/22) во делот II став (1) во табелата мерката 121 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 269.500.000 |
| | - набавка на приплоден добиток (121.1) | 54.000.000 |
| | - подигнување на нови насади (121.2) | 15.000.000 |
| | - набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 2.000.000 |
| | - набавка на трактори (121.4) | 21.500.000 |
| | - набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици и/или мобилни сушари за ориз (121.5) | 15.000.000 |
| | - набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода (121.6) | 90.000.000 |
| | - набавка на опрема за производство на тутун (121.7) | 22.000.000 |
| | - инвестиции во мандри (121.8) | 12.000.000 |
| | - набавка на силоси (121.9) | 18.000.000 |
| | - набавка на опрема за навигација и смарт земјоделство на постоечки трактори, комбајни и приклучна механизација (121.10) | 20.000.000 |

“

Мерката 124 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 93.400.000 |
| | - останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.1) | 38.500.000 |
| | - инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.2) | 39.000.000 |
| | - пристап до земјоделско земјиште (124.3) | 14.400.000 |
| | - консолидација на земјоделско земјиште (124.4) | 1.500.000 |

“

Во ставот (2) табелата се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој | 183.120.000 |
| 1.1 | Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија | 7.800.000 |
| 1.2 | Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Северна Македонија | 38.000.000 |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 6.200.000 |
| | Трошоци за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи (1.3.1) | 2.600.000 |
| | Трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал (1.3.2) | 3.600.000 |